РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 08.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3908/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за договорен залог, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ПРЕДЛАГАЧ: група пратеници

ПРЕ

ДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, по скратена постапка

.

Скопје јуни 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за договорен залог се уредуваат начинот, условите и постапката за засновање, постоење, реализација и престанување на договорното заложно

право врз подвижни ствари, хартии од вредност, побарување и други права (рачен залог) и врз недвижности (хипотека).

Законот за договорен залог индиректно дозволува засновање на залог врз побарувања и „други права“, ваквата формулација е општа и не обезбедува доволна правна сигурност во однос на современите облици на имот, како што се права од интелектуална сопственост, софтвер, лиценци и други нематеријални добра со економска вредност.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Цел на Предлогот на закон за дополнување на Законот за договорен залог е појаснување и проширување на правниот опфат на предметот на залог, со цел експлицитно препознавање на нематеријалните средства како посебна и самостојна категорија.

Со предложеното законско решение:

- се врши прецизирање на поимот на предмет на залог, преку јасно наведување на нематеријалните средства и
- се овозможува усогласување на законот со современите економски текови и деловни практики, каде нематеријалните средства имаат се поголемо значење.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага не повлекува обврска за обезбедување средства за неговото спроведување од Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ

Член 1

Во Законот за договорен залог („Службен весник на Република Македонија” број 5/03, 4/05, 87/07, 51/11, 74/12, 92/12, 115/14, 98/15, 215/15 и 61/16), во членот 1 по зборовите: „хартии од вредност,” се додаваат зборовите: „нематеријални средства,”.

Член 2

Во членот 4 по зборовите: „хартија од вредност,” се додаваат зборовите: „нематеријално средство,”.

Член 3

Во членот 9 по зборовите: „хартии од вредност,” се додаваат зборовите: „нематеријални средства,”.

Член 4

Во член 16 во ставот 1 по зборовите: „врз побарување” се додаваат зборовите: „ ,нематеријални средства”.

Во став 2 по зборовите: „врз побарување” се додаваат зборовите: „ ,нематеријални средства”.

Член 5

Во член 50 во ставот 1 по зборовите: „хартии од вредност,” се додаваат зборовите: „нематеријални средства,”.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија’’.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ

Со членовите 1, 2, 3, 4 и 5 од Предлогот на закон за дополнување на Законот за договорен залог се врши појаснување и проширување на правниот опфат на

предметот на залог, со цел експлицитно препознавање на нематеријалните средства како посебна и самостојна категорија.

Со членот 6 од Предлогот на закон се уредува неговото влегување во сила.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани. Како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот текст на Предлогот на закон за дополнување на Законот за договорен залог се врши прецизирање на поимот на предмет на залог, преку јасно наведување на нематеријалните средства со што се овозможува усогласување на законот со современите економски текови и деловни практики, каде нематеријалните средства имаат сè поголемо значење.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ШТО СЕ ДОПОЛНУВААТ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат начинот, условите и постапката за засновање, постоење, реализација и престанување на договорното заложно право врз подвижни ствари, хартии од вредност, побарување и други права (рачен залог) и врз недвижности (хипотека), (во натамошниот текст: залог, заложно право).

**Член 4**

Предмет на рачниот залог може да биде подвижна ствар, хартија од вредност, одредено имотно побарување или друго право, а предмет на хипотеката само одредена недвижност, односно ствар изедначена со недвижност, со овој или друг закон.

**Член 9**

Кога предмет на залогот се хартии од вредност, определени облигациони побарувања или други права, ако поинаку не е уредено со овој закон и друг закон, на нив соодветно се применуваат одредбите за залогот.

**Член 16**

Правото на невладетелски залог врз побарување или друг вид права (интелектуални права и други сродни права) се стекнува со склучување на договор за залог и со попис и опис на заложното побарување или друг вид право и нивен упис во Заложниот регистар.

Правото на владетелскиот залог врз побарување или друг вид право се стекнува со склучување на договор за залог и со отстапување, односно пренесување на побарувањето или на друг вид на право.

За заложното право од ставовите 1 и 2 на овој член, потребно е да биде писмено известен должникот врз чија обврска е заснован залогот, а во спротивно залогот е без правно дејство.

**Член 50**

Заложниот регистар е вид на основен регистар во состав на Централниот регистар, без својство на правно лице, во кој задолжително се запишува невладетелскиот залог врз подвижна ствар, хартии од вредност, побарување и други права.

Податоците содржани во Заложниот регистар се јавни и никој не може да се повикува на нивно непознавање.

Секое лице има право да изврши увид и да добие податоци лично или на друг начин (по електронски пат и слично).

Издадената исправа од Заложниот регистар има карактер на јавна исправа.